ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ
И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ - ЕСЕ
Бр. 0809-2509/1В
22-02-2018 год.
СКОПЈЕ

**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ)**

Ул. Максим Горки бр. 20/1-4, 1000 Скопје; тел: + 389 2 3298 295; e-mail: esem@esem.org.mk

# БАРАЊЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА ОСМИСЛУВАЊЕ И СПРОВЕДУВАЊЕ НА КАМПАЊА НА ДИГИТАЛНИ МЕДИУМИ ЗА ПРОЕКТОТ "СОЦИЈАЛНА ОТЧЕТНОСТ ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ"

Овој проект е поддржан од Европската унија во рамките на програмата IPA Civil Society Facility and Media Programme 2015.

*Овој проект е финансиран од Европската Унија*

# I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА БАРАТЕЛОТ И ПРОЕКТОТ

Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ) од Скопје ги повикува сите заинтересирани компании да доставаат понуди за осмислување и спроведување на кампања на дигитални медиуми за потребите на проектот "Социјална отчетност за родова еднаквост" (Grant Contract Ref. No. EuropeAid/151569/ACT/MK).

***Мисија на Здружението ЕСЕ и опис на дејноста:***

Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ го развива и го помага женското и граѓанското лидерство за развој и спроведување на човековите права и социјалната правда во нашето општество.
ЕСЕ се води од својата посветеност кон решенија на проблемите. По пат на промовирање и унапредување на човековите права ја подобруваме социјалната и економската правда, притоа сметајќи дека правата на човекот претставуваат неделив збир од стандарди што треба сите да ги уживаат. Посебно сме посветени на работата на полето на промовирање и унапредување на здравствените права и правата на жените. Затоа сме фокусирани на две цели – да излеземе во пресрет на итните потреби на граѓаните, посебно на ранливите групи, и да влијаеме при креирањето на одржливи, долгорочни промени. Правиме многу повеќе од документирање, пријавување и осуда на нанесените неправди. Обезбедуваме правна и параправна помош и на тој начин им овозможуваме на граѓаните да ги остварат своите права и да ги променат условите во кои живеат. Но, уште повеќе, се застапуваме за менување на законите и политиките што влијаат врз спроведувањето на здравствените права и правата на жените. Застапуваме на национално, но, и на меѓународно ниво. Подготвуваме и поднесуваме „извештаи во сенка" и други видови документи за спроведување на меѓународните документи за правата на човекот пред одговорните меѓународни тела.

***Општа цел на проектот "Социјална отчетност за родова еднаквост":***

Воспоставување на мрежа на граѓански организации кои ќе работат на промоција на социјалната отчетност како методологија за унапредување на родовата еднаквост.

***Специфични цели на проектот "Социјална отчетност за родова Еенаквост":***

- Мониторинг и оценка на ефикасноста и ефективноста при трошењето на средства од Буџетот на РМ при обезбедување на активни мерки за вработување;

- Унапредување на капацитетите на локалните граѓански организации и локалните заедници (жени и мажи) за примена на методологијата на социјална отчетност со цел застапување за унапредување на родовата еднаквост; и

- Зголемување на видливоста на прашањата на транспарентност и отчетност во обласа на планирањето и буџетирањето на политиките за родова еднаквост.

**Времетраење на проектот:** 36 месеци, од 01 јануари, 2017 година до 31 декември, 2019 година.

## II. ОПИС НА НАБАВКАТА:

- Изработка на месечни планови за содржина и објавување на истите на социјалните медиуми, преку Фејсбук, Твитер, ЈуТјуб, ЛинктИн и Инстаграм на апликантот и коапликантот, заедно со осмислување платени кампањи;

- Изработка, одржување и промоција на тематска интернет страница за потребите на проектот;

- Изработка на месечни извештаи за ефикасноста од спроведувањето на кампањата на социјалните медиуми и интернет страницата;

- Изработка на содржини на објави на социјалните медиуми на четирите локални партнерски организации;

- Изработка и објавување на две анимирани видеа;

## III. ВАЖНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПОНУДИТЕ

*Цените треба да бидат дадени како единечна цена по продукт и целосната понудата не треба да биде повисока од 12.000 ЕУР за целиот период од договорот и истата не треба да вклучува ДДВ или било какви други јавни давачки.* Понудите треба да се достават најдоцна до 27 февруари 2018 година.

Понудувачот би договор во времетраење од 22 месеци, почнувајќи од 01 март 2018 година и завршувајќи до 31.12.2019 година.

***Понудувачите треба да ги исполнат следните критериуми:***

- Да имаат најмалку пет годни искуство во спроведување на кампањи на дигитални медиуми.

- Да имаат искуство во работа со граѓански организации. Искуство со проекти кои се однесуваат на промоција на правата на жените или родовата еднаквост ќе се сметаат за предност.

- Да обезбедат услуга по најниска цена.

- Да поседуваат капацитети и ресурси за спроведување на проектот.

***Портфолиото на понудувачите треба да се состои од:***

- Профил на компанијата (опис, ресурси, минато искуство);

- Портфолио од претходна работа (референтна листа на клиенти);

- Детална финансиска конструкција на понудата; и

- Копија од тековна состојба;

- Кратка биографија на лицата кои ќе работат на спроведување на кампањата .

За сите дополнителни информации и прашања поврзани со набавката Ве молиме да не контактирате во пишана форма на следниот e-mail: esem@esem.org.mk .

Со почит,

Јасминка Фришчиќ

Извршна директорка